**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВНАТА РЕВИЗИЈА И НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2005-2009 ГОДИНА

**Скопје, декември 2004 година**

Врз основа на член 5 и член 8 од Законот за државна ревизија ("Сл.весник на РМ бр. 73/2004) (Пречистен текст) и член 48 од Правилникот за организација и работа на Државниот завод за ревизија, главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија, на 29 декември 2004 година донесе:

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2005 – 2009 ГОДИНА

## ДОСТИГНАТ СТЕПЕН НА ОРГАНИЗИРАНОСТ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

### *Опкружување*

Развојот на Државниот завод за ревизија од основањето се остварува во услови на рестриктивен Буџет и изострени економски проблеми во земјата, интензивен процес на приближување на Република Македонија кон ЕУ. Процесите се одвиваат најчесто во услови на недоволна соработка и изостанување на очекуваната помош и поддршка од надлежните органи и тела и релевантните политичките субјекти во земјата.

Развојот на Државниот завод за ревизија се остварува и во услови на интензивирање на реформските процеси во сите сфери на економскиот и политички живот на земјата, во кои од исклучива важност и значење е спроведувањето на реформските процеси во јавната администрација, во кои се вклучени и напорите за изградба и јакнење на системот на финансиската контрола и воопшто систем на контрола во државата, кој го сочинуваат мноштво на различни контролни органи: Државниот завод за ревизија, Министерството за финансии - Управата за јавни приходи и Секторот за внатрешната ревизија, реформските процеси на судскиот систем и децентрализација на власта. Организирањето и функционирањето на внатрешната ревизија е на самите почетоци и со ограничени ревизорски ресурси во јавниот сектор заради што е потребно ДЗР поблиску да ги координира своите активности со активностите на внатрешната ревизија за да обезбеди ефективно искористување на на расположивите човечки ресурси и да игра водечка улога во поттикнувањето на развојот на внатрешната ревизија и повремено да ја оценува нејзината ефективност.

### *Постојна состојба*

Утврдувањето на стратешките цели и динамиката на нивното остварување Државниот завод за ревизија го врши во неповолни и лимитирани услови и врз основа на нецелосни информации, елементи и факти за да ги предвидува настаните во иднина, што може да има и влијание врз остварувањето на зацртаните цели за развој на државната

ревизија и на Државниот завод за ревизија како врховна ревизорска институција за независна надворешна контрола за трошењето на јавните средства.

По седум години од донесувањето на Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 65/1997) и шест години од формирањето и отпочнувањето со работа на институцијата, Државниот завод за ревизија сé уште не ги обезбеди основните услови за организирање на успешна и ефикасна надворешна контрола за начинот и ефектите од искористување на средствата на даночните обврзници, на донаторите и на кредиторите, за утврдување на целосни, реални и објективни оценки и сознанија за управувањето со јавните финансии и остварувањето на функцијата на важен субјект за јакнење на свеста, одговорноста за законско, наменско, ефикасно и ефективно трошење на јавните средства.

Правната рамка со која се уредува независноста на ДЗР не е усогласена со стандардите и легислативата на ЕУ и не е достигнат степенот на финансиската независност согласно Декларацијата од Лима донесена и имплементирана од Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Државниот завод за ревизија е со лимитирани човечки и финансиски ресурси што резултира со намален обем на остварување на целите утврдени со Законот за државна ревизија (Пречистен текст) ("Службен весник на РМ" бр. 73/04). Имено човечките ресурси во ДЗР се под нивото потребно за ефективно вршење на државната ревизија(од проценетиот број на извршители 125, утврден и со актите за организација и систематизација пополнети се 68 или 54.4%). Тоа резултира, ДЗР да ги извршuvа своите законски обврски за државна ревизија на јавните приходи со обем од околу 55%, што соодветствува и на пополнетост со човечките ресурси.

ДЗР има млад и амбициозен кадар кој има потреба од континуирано стручно дооспособување и стекнување на искуство проверено во практиката и кој треба постојано да ги надградува своите ревизорски способности следејќи го забрзаниот процес за имплементирање на стандардите и критериумите на ЕУ за вклучување на РМ во ЕУ.

Во досегашниот развој ДЗР нема доволно развиено: соодветни методи за комуницирање со субјектите, надзорните органи, вклучувајќи го и Собранието на РМ, во функција на остварување на својата задача да поведува иницијативи за решавање на отворените прашања поврзани со управувањето со јавните средства и развој на земјата; современи методи за комуницирање со јавноста и обезбедување на целосна транспарентност и јавност во работата.

***Основни принципи на делување на Државниот завод за ревизија***

**Независност**

Со Законот за државна ревизија е обезбедено Државниот завод за ревизија за својата работа да одговара пред Собранието на Република Македонија, но не се создадени сите правни претпоставки во практиката да делува како независен од извршната власт и не му се обезбедува финансиска независност согласно легислативата на ЕУ.

Постојниот Закон за државната ревизија обезбедува Главниот државен ревизор да се избра од Собранието на Република Македонија со мандат од 10 години.

Со постојниот Закон за државната ревизија е обезбедено Државниот завод за ревизија во практиката да ги имплементира своите овластувања за независност и самостојност во извршувањето на ревизијата и законските надлежности.

**Објективност**

При вршењето на државна ревизија, Државниот завод за ревизија ги применува Стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија ("Сл.весник на РМ", бр. 56/98).

Државниот завод за ревизија го испитува и степенот на примената на пропишаните сметководствени стандарди (на Комитетот за Меѓународни сметководствени стандарди) кај правните субјекти при водењето на сметководството и составувањето и поднесувањето на сметководствените искази ("Сл.весник на РМ", 40/97, 73/99) како и примената на другите законски прописи што ја регулираат проблематиката од доменот на работењето на субјектите кои се предмет на ревизија.

**Компетентност**

Со постојниот Закон за државната ревизија е утврдено работите и задачите на државната ревизија да можат да ги извршуваат само лица остручени и компетентни за извршување на ревизија, но не ги регулира останатите аспекти на статусот.

**Неутралност**

Постојниот Закон за државната ревизија уредува дека работите и задачите на Главниот државен ревизор не можат да ги извршуваат членови на политички партии и дека овластениот државен ревизор не смее да врши ревизија ако: е акционер или вложувач на средства,

претходно бил во работен однос или бил законски застапник на субјектот кај кои се врши ревизијата, учествувал во водењето на деловни книги и е брачен другар или е во крвно сродство со законскиот застапник на субјектот и во други случаи предвидени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ за ревизорите во јавниот сектор.

**Рационалност**

Се настојува државната ревизија да се изврши со трошење на минимални финансиски средства и со рационално и ефективно искористување на ревизорскиот фонд на часови.

**Доверливост на информациите**

Постојниот Закон за државната ревизија уредува дека сите податоци до кои доаѓа овластениот државен ревизор претставуваат деловна тајна.

***Основни задачи дефинирани со постојните законски решенија***

*1. На Државен завод за ревизија*

- Утврдување на законско и наменско извршување на државниот буџет, буџетите на органите на локалната самоуправа (општините) и буџетите на фондовите основани од Собранието на Република Македонија, на нивните корисници и единки корисници, вонбуџетските сметки и на квалитетот на употребата на средствата од аспект на економичноста, ефикасноста и ефективноста;
- Утврдување на законско и наменско извршување на финансиските планови на јавните претпријатија и на претпријатијата во кои државата е доминантен акционер, институциите формирани со закон, агенции и други институции корисници на јавни средства и успешноста во работењето;
- Оценка на остварувањето на функциите на Народната банка на Република Македонија и односите со државниот буџет;
- Утврдување на законското, наменското и успешното имплементирање на финансиските средствата што Република Македонија ги добива од земјите на Европската Унија, меѓународните финансиски институции и други меѓународни донатори;
- Утврдување на законското финансирање и финансиско работење на политичките партии кои се финансираат од Буџетот на РМ;
- Оценка на финансиското работење на јавните установи;
- Надзор и контрола на спроведените постапки за јавни набавки кај субјектите кај кои се врши државна ревизија; и
- Ревизија на успешност и квалитет

*2. На овластениот државен ревизор*

- Да изврши ревизија на законското  работење;
- Да подготви  и издаде ревизорски извештај ;
- Врз основа на наодите од ревизијата да предложи мерки и законски решенија со цел да се подобри  управувањето и употребата на јавните финансии;
- Да предлага системски промени ; и
- За наодите за кои се смета дека постои основано сомнение за сторено кривично дело или прекршок да ги извести надлежните органи.

## ДОЛГОРОЧНА СТРАТЕШКА ЦЕЛ

Државниот завод за ревизија континуирано да придонесува за подобрување на процесот на управувањето со јавните финансии вршејќи финансиска ревизија и ревизија на квалитетот остварен со реализација на програмите во јавниот сектор, подобрување на управувањето и работата на законодавната и извршната власт (Владата на РМ, министерствата и државните институции) преку утврдување на можности за подобрување и предлагање на решенија кои се конструктивни, економски,  рационални и  ефективни.

Државниот завод за ревизија да прерасне во врвна, компетентна и целосно независна, ефикасна и ефективна ревизорска институција за државна ревизија чија што работа ќе биде целосно усогласена со меѓународните стандарди, со  статус на врховна ревизорска институција. Со извршувањето на државната ревизија на субјектите кој се предмет на државна ревизија да обезбеди опфат, со структура и број, кој  ќе овозможи да се изгради глобална објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства (формирани на даночна основа, царините, фондовите, локалните даноци). Извршувањето на државната ревизија да овозможи утврдување и на глобална реална оценка  за степенот на економичност, ефикасност и ефективност, односно степенот на успешност на приоритетните и стратешки Владини програми. Државната ревизија да придонесува и да ги поддржува отчетноста, интегритетот, ефикасноста и ефективноста во сите активности на институциите на власт во Македонија.

Државниот завод за ревизија да ја догради својата организациона структура со регионална димензија преку воспоставување и организирање на регионална мрежа на канцеларии врз основа на принципи и критериуми во согласност со одредбите од  Законот за државната ревизија.

## СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ДО 2009 ГОДИНА

## ОСНОВНА ЦЕЛ 1

*Обезбедување на целосно независен статус на државната ревизија како уставна категорија, согласно принципите усвоени со Декларацијата од Лима, вклучувајќи го и обезбедувањето на финансиска независност преку самостоен буџет.*

***Непосредна цел 1.1.***

Создавање на правна рамка за независен и самостоен буџет на државната ревизија и имплементација на независен буџет на државна ревизија и на ДЗР.

***Непосредна цел 1.2.***

Целосно дефинирање на правниот статус на Државниот завод за ревизија како самостојна и независна институцијана во согласност со препораките на декларациите на ИНТОСАИ, вклучувајќи ја и Декларацијата од Лима со вградување на соодветни одредби во Уставот на Република Македонија

***Непосредна цел 1.3.***

Анализа на постојните закони со конкретизација на одредбите кои треба да се изменат или дополнат за да се обезбеди целосно остварувањето на функцијата на државната ревизија за независна контрола на трошењето на јавните средства согласно стандардите на ИНТОСАИ.

Активностите на овој план треба да се реализираат со динамиката на активностите за надградбата и усогласување на Законот за државната ревизија со уставните решенија.

***Непосредна цел 1.4.***

Континуирана надградба и усогласување на Законот за државна ревизија со европската легислатива и проверка на усвоените решенија, вклучувајќи го и прашањето за статусот, правата и обврските од работниот однос и другите статусни прашања на државните ревизори и лицата што вршат работи и работни задачи во функција на ревизијата (вработувањето, унапредувањето во струката, одговорноста, пензионирањето, наградувањето и други), како професија од јавен интерес, со целосно зајакнување на критериумите работите и задачите на државната ревизија да можат да ги извршуваат само лица остручени и компетентни за извршување на ревизијата.

***Показатели/мерила за успешност на остварување на основната цел 1***

- Усвојување на амандман на Уставот на РМ со кои ќе се дефинира независноста и самостојноста на државната ревизија и на ДЗР како врвна ревизорска институција најдоцна до месец мај 2006 година;
- Утврдување на листа на закони во кои треба да се донесат соодветни измени и дополнувања во функција јакнење на самостојноста и независноста на ДЗР најдоцна до месец јуни 2006 година и сукцесивно донесување на измени и дополнувања на законите утврдени во листата во периодот јули 2006 до месец декември 2008 година;
- Степен на остварен континуитет на донесување на измени и дополнувања на Законот за државната ревизија во функција на подобрување и функционално надградување на решенијата во периодот 2005 – 2007 година;
- Донесување на нов закон за државната ревизија, усогласен со стандардите и критериумите на ЕУ најдоцна до крајот на 2008 година;
- Оценка на степенот на зајакнувањето на независноста на ДЗР, заради обезбедувањето објективност и непристрасност во сите аспекти на работењето на ДЗР ;
- Ефекти од имплементација на независен буџет на државна ревизија и на ДЗР почнувајќи, почнувајќи од 01.01.2007 година, односно со донесувањето на Буџетот на РМ за 2007 година;
- Следење на остварувањето на Стратегијата, нејзино надградување и дополнување во континуитет ;
- Утврдување на Стратегија за долгорочен развој на државната ревизија и развој на ДЗР до 2115 година во 2009 година.

**ОСНОВНА ЦЕЛ 2**

*Обезбедување на оптимални човечки ресурси (број, структура, степен на компетентност и стручност) за остварување на функциите на државната ревизија и изградба на стандарди за ефективноста на ревизорската работа и нивно усогласување со стандардите за ефективноста на ревизорската работа на врховните ревизорски институции на земјите членки на ЕУ*

***Непосредна цел 2.1.***

Воспоставување и имплементација на функционална и организациона поставеност на административните капацитети и кадровско доекипирање согласно утврдениот број во актот за систематизација.

***Непосредна цел 2.2.***

Практикување на современите методи за управување и едукација на кадарот за ревизија на јавните финансии ( twinning програми, годишни и повеќегодишни програми, семинари и слично) и организирање на полагање на испит за стекнување на звање овластен државен ревизор и соодветна и сестрана организирана обука на заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат потребните услови.

***Непосредна цел 2.3.***

Основање на активен капацитет за обука во рамките на ДЗР во функција на континуирано организирање на целосно следење, насочување и координирање на обуката на кадровски потенцијал на ДЗР.

***Непосредна цел 2.4.***

Да се следат промените и да се биде во тек со новините во професијата.

Перманентно и согласно јасно утврдени цели организирање на студиски патувања во поразвиени ВРИ-и заради учење на подобрата практика и разработка на планови за примена во работењето на ДЗР.

***Непосредна цел 2.5.***

Организирање на Twinning програма за обука и стручна и техничка помош со некоја од врвните ревизорски институции од некоја од земјите членки на ЕУ, во функција на приближување кон стандардите и принципите кои се имплементираат во земјите членки во ЕУ.

***Непосредна цел 2.6.***

Стандардизирање на работата преку изготвување на методолошки прирачници и упатства (Прирачници за финансиска ревизија и ревизија на успешност во 2005 година) и други ревизирски упатства за поедини области на ревизијата. Развивање на нови методи на ревизија и контрола и засилување на превентивната ревизија согласно стандардите за ревизија на ИНТОСАИ и препораките за нивното приспособување со европската практика.

***Непосредна цел 2.7.***

Перманентно спроведување на постапките за подготовака на менторски извештаи и годишни оценки на равизорите за постигнатото ниво на оспособеност за самостојна и тимска работа.

***Непосредна цел 2.8.***

Организирање на регионални конференции за практиката на обуката.

***Показатели/мерила на успешност на остварување на основната цел 2***

- Имплементација на новите акти за организација и работа и систематизација на работните места на ДЗР почнувајќи од 01.01.2005 година и нивно континуирано доразвивање
- Кадровско доекипирање до крајот на 2005 со 91 извршител, во 2006 година до 111 извршители и 2007 година да се достигне планираниот и проектираниот број на извршители –125. Приемот на новите кадри во 2005 година да се изврши сукцесивно со динамика утврдена со Програмата за работа на ДЗР во периодот 2006 – 2007 година
- Разработување на интерни правила за координација меѓу секторите во примената на методологијата и процедурите за ревизија
- Разработување на програми за усогласување на методологијата и организацијата континуирано и задолжително во четвртиот квартал на годината во функција на утврдување на евентуални измени и дополнувања и создавање на услови за нивно имплементирање во Годишната програма за работа за наредната година
- Изработка на анализа на функционалната и организационата поставеност на административните капацитети до крајот на 2007 година
- Усовршување на организационата структура и специфичните одговорности во рамките на Државниот завод за ревизија да се изврши до јуни месец 2008 година, со вклучување на регионална димензија и воспоставување на регионални канцеларии на ДЗР
- Подготовка и донесување на нови акти за организација и систематизација за имплементација од 01.01.2009 година;
- Извештај за воспоставувањето на капацитет - единица за обука во рамките на организационата структура на ДЗР и неговата активност периодично.
- Изготвување на годишни планови за обука, организирање и спроведување на плановите, анализи со оценка за ефектите на спроведената обука.
- Изготвување на годишни планови за посети на други ВРИ организирање и спроведување на тие планови и анализи со оценка за ефектите на организираните посети
- Квалитет на организирањето и спроведувањето на испитот за стекнување на звање овластен државен ревизор и соодветна и организирана обука на заинтересираните кандидати за полагање на истиот во 2005 година,
- Континуирано организирање на испитот за стекнување на звање овластен државен ревизор, во периодот 2006 до 2009 година и соодветна и организирана обука на заинтересираните кандидати во термин од месец октомври до месец декември на тековната година.
- Спроведување на анкети помеѓу кадарот на ДЗР во функција на утврдување на оценка на организираната обука, односно посетите на

ВРИ, полезност и ефектите од истите и дефинирање на потребите за дополнителна обука

- Завршување на изработката, печатење и објавување на прирачникот за државната ревизија (финансиска ревизија) во април 2005 година и прирачникот за државна ревизија (ревизија на успешност) во септември 2006 година и организирање и спроведување на организирана обука за сите ревизори на ДЗР за упатствата и постапките содржани во прирачниците.
- Подготовка на посебен документ за политиката на човечки ресурси до месец јуни 2007 година и создавање на систем за професионална едукација на кадарот вклучувајќи обука по методологијата за ревизија, изучување на странски јазици и обука за примена на информатичка технологија, со информатички софтвер во ревизијата.
- Евалуација на годишните менторски извештаи и оценки на ревизорскиот кадар

## ОСНОВНА ЦЕЛ 3

*Зголемување на квалитетот и ефектите од извршените државни ревизии и нивно квантифицирање*

### *Непосредна цел 3.1.*

Резултатите од извршувањето на државната ревизија да бидат релевантни, да се издаваат извештаи кои имаат висок квалитет, кои ќе содржат наоди кои се целосни и точни, концизни и навремени, како и препораки кои имаат значење и позитивен ефект во примена на законитоста.

Во практиката на државните ревизори и институцијата во целина да се применуваат најнови и технолошки најнапредни ревизорски техники и помагала и континуирано да се врши надградбата и унапредувањето на знаењата и вештините.

### *Непосредна цел 3.2.*

Со развојот на системот на внатрешна ревизија и создавање на услови за примена на резултатите од извршените внатрешни ревизии, државната ревизија да се димензионира на оптимално ниво со кое ќе обезбеди опфат, структура и број на ревизии, кој ќе овозможи да се изгради глобална објективна оценка за степенот на остварувањето на наменското и законското трошење на јавните средства. Државната ревизија да претставува значаен фактор во подобрувањето на управувањето и работата на законодавната и извршната власт (Владата на РМ, министерствата и државните институции) преку утврдување на

препораки за подобрување на решенијата за да се постигнат економски рационални и ефективни резултати.

***Непосредна цел 3.3.***

Квалитетот и прецизноста на државните ревизии кои ги врши ДЗР да биде усогласен со стандардите на ИНТОСАИ.

***Непосредна цел 3.4.***

Разработување и спроведување на систем за следење и проверка на извршувањето на ревизорските препораки од страна на субјектите, кој ќе му овозможи на ДЗР подобро следење и известување за динамиката на спроведување на ревизорските препораки и ефектите од извршените државни ревизии.

***Показатели/мерила на успешност на остварување на основната цел 3***

- Воспоставување на програма за обезбедување на квалитетот на ревизиите на ДЗР со стандардите на ИНТОСАИ до крајот на 2008 година
- Анализирање и оценување на степенот на подобрувањето на презентацијата и читливоста на ревизорските извештаи на ДЗР, вклучувајќи ја и оценката за начинот и ефектот на резимеата и прегледите, континуирано, секоја година.
- Континуирано, а најмалку еднаш годишно да се оцени интензитетот на доставувувањето на предлози за системски промени и мерки и законски решенија за подобрување на управувањето и употребата на јавните финансии;
- Оценување на степенот на јасноста и конкретноста за обезбедување на соодветен начин на презентирање на наодите кои овластениот државен ревизор има обврска да ги доставува до надлежните органи, во случаите во кои е оценето дека има основано сомнение дека е сторено кривично дело или прекршок, како основ за поведување на конкретни постапки за утврдување на одговорност пред надлежните судски органи.
- Оценување на степенот на јасноста и конкретноста во препораките за подигнувањето на квалитетот на имплементацијата и степенот на спроведувањето на препораките.
- Воведување и имплементирање на систем за следење на препораките на почетокот на 2005 година, со годишно анализирање на ефектите, и врз основа на оценките надградување и унапредување.
- Изготвување на сумирани извештаи за ревизорските препораки на ДЗР кои ќе содржат информации за процентот на прифатени препораки од субјектот, за оние субјекти кои не одговориле во рокот предвиден за преземање на мерки за спроведување на препораките, повратокот на парични средства и ефикасност како непосреден резултат од ревизиите на ДЗР, тековно и континуирано, во рамките

на активностите за периодични и годишни извештаи и периодични анализи
- Квантифицирање на ефектите од извршените државни ревизии
- Анализа на финансиските трошоци за извршување на ревизиите и оценка за можности за намалување на истите и утврдување на мерки кои ќе обезбедат ревизиите да се реализираат со трошење на минимални финансиски средства и со рационално и ефективно искористување на ревизорскиот фонд на часови.

## ОСНОВНА ЦЕЛ 4

*Воспоставување на информационен систем на ДЗР и примена на информатичката технологија во ревизијата*

***Непосредна цел 4.1.***

Дизајнирање и имплементација на информационен систем на ДЗР

***Непосредна цел 4.2.***

Воведување и имплементација на Document Menagment во периодот 2006 година – 2008 година.

***Непосредна цел 4.3.***

Рационално и ефикасно искористување на постојната информатичка опрема и набавка на нова во функција на остварување на стратешките цели (соодветен хардвер и софтвер).

***Непосредна цел 4.4.***

Започнување на примената на информатички софтвер во ревизијата од 2007 година и негов развој и надградба во периодт 2008 – 2009 година.

***Показатели/мерила на успешност на остварување на основната цел 4***

- Дефинирање и утврдување на идејниот проект за: Воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document Menagment до печетокот на 2006 година.
- Набавка на софтвер: Document Menagment до јуни месец 2006 година имплементација на истиот во периодот 2006 година – 2008 година.
- Континуирана набавка на информатичка опрема ( хардвер и софтвер)
- Дефинирање и утврдувањето на карактеристиките и техничкиот опис на софтверот за ревизија до крај на месец јуни 2006 година

- Набавка на софтвер за примена на информатичката технологија во ревизијата до декември 2006 година
- Организирање и спроведување на обука на вработените за примена
- Ефективна примена на информатички софтвер во ревизијата од 2007 година.
- Утврдување на Стратегија за примена на ИТ во ревизијата и дизајнирање и воспоставување на информационен систем на ДЗР и информатичка и друга опрема до месец декември 2008 година

## ОСНОВНА ЦЕЛ 5

*Подобрување на комуникација на ДЗР со субјектите*

***Непосредна цел 5.1.***

Воспоставување и остварување на принципите на јавност и транспарентност во работата на Државниот завод за ревизија и утврдување на Стратегија за комуникација со субјектите

***Непосредна цел 5.2.***

Остварување на принципите на пристојност и чесност во извршувањето на државната ревизија и потврдување на подготвеноста за отворена соработка и за меѓусебно почитување и доверба и обезбедување на дискреција за податоците до кои доаѓа овластениот државен ревизор кои претставуваат деловна тајна.

***Непосредна цел 5.3.***

Подобрување на комуникацијата со субјектите кај кои се врши државна ревизија, со органите задолжени за надзор и со органите надлежни за утврдување на степенот на одговорноста и покренување на прекршочни и кривични постапки (Јавно обвинителство, МВР, Државната комисија за спречување на корупцијата).

Доближување до субјектите, нивно кадровско зајакнување и оспособување за навремено информирање и стручна и техничка подготовка за извршување на ревизијата и создавање на регионални единици – канцеларии на ДЗР.

***Непосредна цел 5.4.***

Изготвување на нови начини и методи за информирање на Собранието на РМ, медиумите и јавноста за резултатите од ревизиите на ДЗР.

***Непосредна цел 5.5.***

Усовршување на механизмот на внатрешно информирање во согласност со барањата на Европската Унија во процесот на прием на Република Македонија во неа.

***Непосредна цел 5.6.***

Соработката со врховни ревизорски институции и меѓународните ревизорски организации и институции

***Непосредна цел 5.6.1.***

Билатерална соработка со врховни ревизорски институции ќе има за цел:
- размена на искуства
- презентација на достигнувањата на македонската државна ревизија
- реализација на заеднички проекти

***Непосредна цел 5.6.2.***

Соработката со меѓународни ревизорски организации институции има за цел:
- трансфер на знаења во областа на ревизијата, стандардите, методологии и постапки
- трансфер на знаења во областа на државната ревизија, стандардите, методологии и постапките
- подобрувањето на државната ревизија
- учество во меѓународни и регионални проекти

***Непосредна цел  5.6.3.***

Политика на користење на меѓународна помош:

Основни принципи на користење на меѓународната помош се:
- избегнување на дуплирањето и обезбедување на синхронизација и усогласеност во услови на користење на средства од повеќе извори
- одржливост  на  проектот
- усогласување со апсорпционите капацитети на ДЗР
- обезбедување на подготвеност за користење на помошта и на ниво на ревизијата како професија

***Показатели/мерила за успешност на основната цел 5***

- Формирање на компетентни тела во организационата структура на законодавната и извршната власт во функција на создавање на услови за зголемување на ефектите од државната ревизија преку следење на активноста на економските контроли и ревизии
- Подготовка на анализа за степенот на подобрувањето на комуникацијата и развивањето на форми за континуирана соработка, зголемувањето на ефектите од државната ревизија и јакнење на одговорноста кај сите субјекти за начинот на трошењето на јавните

средства и намалувањето на организираниот криминал и корупцијата.

- Број и квалитет на изготвените и објавувените известувања во медиумите за значајните ревизии на ДЗР.
- Број, посетеност и ефектите од одржаните периодични конференции за печат за улогата и надлежностите на ДЗР, како и за резултатите од ревизиите.
- Воспоставување и имплементирање на интранет во месец октомври 2005 година, надградба до месец декември 2006 година, а во периодот 2007 – 2009 година тековно иновирање и ажурирање;
- Навремено и стручно информирање на јавноста за начинот на трошењето на јавните средства и превземените мерки за одговорност во случаите на незаконско и ненаменско трошење на средствата.
- Тековно подготвување на оценки за интензитетот и развиеноста билатерална соработка со врховни ревизорски институции, со меѓународни ревизорски организации и институции, користење на меѓународна помош во реализација на Стратегијата за развој до 2009 година и ефектите за развој на ДЗР од истата
- Утврдување на Стратегија за комуникација со субјектите до месец декември 2008 година

## ОПЕРАТИВНА ДИНАМИКА И ПРОЕКТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ОСТВАРУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Имплементација на задачите и конкретизација на активностите во функција на успешно остварување на целите утврдени со Стратегијата за развој на ДЗР до 2009 година и создавање на претпоставки и услови за отпочнување на активностите за дефинирање на стратешките цели и задачи до 2115 година ќе се утврдува со Годишните програми за утврдување на обемот за вршење на државната ревизија и работата на ДЗР, Оперативнита програма за извршување на Годишната програма за утврдување на обемот на вршење на работите на државна ревизија.

Во функција на реализација на стратешките цели ќе се имплементираат и следните проекти:

- Twinning програма која би се реализирала со донаторски средства од меѓународен субјект во периодот 2005 – 2008 година

- Воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document Menagment проект кој би се реализирал со средства кои треба да се обезбедат од Буџетот на РМ и донаторски средства од меѓународни организации и институции во периодот 2006 до 2008 година

- Развој на современи методи на соработка и комуникација со субјектите како проект кој би се реализирал со средства од Буџетот на РМ и донаторски средства од меѓународни организации и институции во периодот 2006 до 2008 година

Утврдувањето на идејниот проект за Twinning програмата ќе се изврши до месец јуни 2005 година, а на идејните проекти: Воспоставување на информационен систем на ДЗР и воведување на Document Menagment и Развој на современи методи на соработка и комуникација со субјектите до печетокот на 2006 година.

Со идејните проекти ќе се изврши детално и динамичко дефинирање на задачите.

## ФАКТОРИ НА РИЗИК ЗА УСПЕШНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕШКИТЕ ЦЕЛИ

Имплементацијата на стратешките цели ќе биде соочена со следните фактори на ризик:

- несоздавање на општествена клима за уставно регулирање на државната ревизија и соодветниот статус и наградување на ревизорскиот кадар и кадарот во функција на државната ревизија, заради недостаток на свест за одговорноста, местото и улогата на државната ревизија

- несоздавање на општествена клима за обезбедување и имплементирање на самостоен буџет , заради недоверба

- несоздавање на услови за квалитетно кадровско екипирање и континуирана едукација на кадарот и поради необезбедување уставни и законски основи за самостоен буџет

- необезбедување на неопходни финансиски средства од Буџетот на РМ или самостојниот буџет на ДЗР и донаторски средства за реализација на годишните и оперативните планови за имплементација на Стратегијата

**Број 01-688/2** — **Главен државен ревизор**
**Скопје, 29 декември 2004 година** — **Методија Тошевски**